**20111603520**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 32-а став (2) од Законот за ветеринарно – медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/10 и 136/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ВЕТЕРИНАРНО МЕДИЦИНСКИ ПРЕПАРАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за производство на ветеринарно медицински препарати во рокот утврден во член 32 став (3) од Законот за ветеринарно – медицински препарати.

Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за производство на ветеринарно медицински препарати“, во А-4 формат во бела боја, кој е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за датум и број на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице подносител на барањето, седиште на правното лице подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-4464/4
9 ноември 2011 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на директорот на
Агенцијата за храна и ветеринарство

Датум _______________
Број _________________

**Б А Р А Њ Е**
заради неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за производство на ветеринарно медицински препарати

Од_______________________________________________________________________
(назив на правното лице)

_________________________________________________________________________
( седиште на правно лице)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 32-а став (3) од Законот за ветеринарно – медицински препарати директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да постапи по барањето за одобрување на производство на ветеринарно медицински препарати поднесено под број __________________ од ______________ година до Агенцијата за храна и ветеринарство, чија копија Ви ја доставувам во прилог на ова Барање.

Барател

___________________